**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-576/7**

**Скопје, 07.08.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ВИНИЦА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фонд за локални патишта и улици на Општина Блатец за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за Буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фонд за локални патишта и улици на Општина Блатец за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Стојан Димитровски – овластено лице за застапување на Фондот од 13.04.2002 до 6.05.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 22.05 до 23.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Не е извршено целосно примопредавање на документацијата од Фондот за улици и патишта (судска регистрација на Фондот, деловодникот, печатите), од причина што истите се наоѓаат кај овластеното лице. Несоодветното примопредавање на документацијата и печатите од Фондот на укинатата општина Блатец, придонесува за создавање на сомнеж за користење на истите, а ова е спротивно на Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија.
Непочитувањето на законските одредби и не добро спроведените постапки на примопредавање на документацијата при припојување на општина Блатец кон општина Виница, доведува да се нема реална слика за состојбата и работењето на досегашната општина Блатец.

10.1.2. Во текот на 2005 година не е извршено евидентирање на документација во сметководството на Фондот чија вредност е 899 илјади денари поради тоа што истата е предмет на истрага на надлежни органи (прилог 1).
Ова е од причина што наведените документи се доставени од овластеното лице на Фондот подоцна, после неговото укинување, некои од документите се заверени и печатирани со датуми после негово укинување, надзорен орган на доставените ситуации е одговорното лице во Фондот. Ненавреме предадените печати, спротивно на одредбите од Законот за територијалната организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, придонесуваат да се создадат можности за нивно незаконско користење.
**Препорака:**
При припојувањето на општина Блатец кон општина Виница, одговорните лица и во двете општини биле должни доследно да го почитуваат Законот за територијалната организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија поточно преодните одредби од овој Закон.

10.1.3. Не постои усогласеност на вредностите на позициите Капитални средства и Извори на капитални средства поради неидентично евидентирање на промените на овие позиции, спротивно на одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Неусогласување на наведените позиции во 2004 година изнесува 1,314 илјади денари.
Овие неусогласувања потекнуваат од пред 2004 година и истите произлегуваат од

примената и на пресметковниот и на паричниот принцип на евидентирање на промените во сметководството, и придонесуваат за нереални билансни позиции и финансиски извештаи.

**Препорака:**

Да се изврши усогласување на наведените ставки согласно начелото на парично искажување на промените во сметководството и коресподентност на ставките.

11. Според наше мислење, а поради значењето на прашањата изнесени во точката 10.1. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Фондот за локални патишта и улици на Општина Блатец под 30 мај 2005 година.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.1. кај Фондот за локални патишта и улици на Општина Блатец не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 07.08.2006 година** **Овластен државен ревизор**

## ФОНД ЗА УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА БЛАТЕЦ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 900 | 1,400 |
| **Вкупно приходи** | | **900** | **1,400** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| **Вкупно расходи** | | **0** | **500** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **900** | **900** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.1. | 900 | 900 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 1,930 | 3,168 |
| Аванси за капитални средства | | | 500 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,830** | **4,568** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Капитални (материјални) средства | 4.2.1. | 13,076 | 13,121 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 18,510 | 18,510 |
| **Вкупно капитални средства** | | **31,586** | **31,631** |
| **Вкупна актива** | | **34,416** | **36,199** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 571 | 917 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 945 | 2,337 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1,516** | **3,254** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 32,900 | 32,945 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **32,900** | **32,945** |
| **Вкупна пасива** | | **34,416** | **36,199** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **32,945** | **-** | **32,945** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | - | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **45** | **-** | **45** |
| Отпис на капитални средства | 71 | - | **71** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | (26) | | **(26)** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **32,900** | **-** | **32,900** |